Република Македонија
Бр. 12 -
Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: Предлог на закон за дополнување на Законот за Централен регистар

Усогласеност со Програмата на Владата - ДА

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: - ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
Материјалот да се разгледа на првата наредна седница на Владата

Доверливост на материјалот: Предлогот на закон за изменување на Законот за Централен регистар не е од доверлив карактер

Итност на материјалот - материјалот не е итен

Прилог:

| Дата на доставување на материјалот<br>__.__.2012 година | ПОТПИС:<br>Заменик претседател на Владата и министер за финансии<br>м-р Зоран Ставрески |
|---|---|

Изготвил: Јане Севдински
Контролирала: Ленче Тагасовска
Одобрила: Виолета Стојановска Петровска
Согласна: Наташа Стојмановска

Република Македонија

Министерство за финансии

---

*М Е М О Р А Н Д У М*

НАСЛОВ: Предлог на закон за дополнување на Законот за Централен регистар

ПОТПИС: ______________________________

Скопје, септември 2012 година

1. Осврт по материјалот:

Согласно заклучокот од Седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија одржана на 24.07.2012 година, точка 14, Министерството за финансии е задолжено за третата редовна седница до Владата да достави измени на Законот за Централен регистар во насока на овозможување Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да ги користи услугите на Централниот регистар на Република Македонија без да плаќа надоместокот.

Постапувајќи по Заклучокот, Министерството за финансии го подготви и го доставува Предлогот на закон за дополнување на Законот за Централен регистар.

2. Разгледани можни решенија (за против аргументи)

3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации

4. Изјава за усогласеноста на прописот со законодавството на Европската Унија (прилог).

ДА НЕ

5. Решение кое се препорачува (со образложение)

Да се донесе Законот за дополнување на Законот за Централен регистар со цел да се овозможи Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да ги користи податоците од Централниот регистар на Република Македонија без надоместок.

6. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:

Предложениот закон нема фискални импликации.

7. Очекувани влијанија:

Со предложено решение ќе се овозможи Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да ги користи податоците од Централниот регистар на Република Македонија без надоместок со што ќе се намалат расходите на ФПИОМ.

8. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот: ДА НЕ

9. Клучни елементи за информирање на јавноста:

# ВОВЕД:

## I.Оцена на состојбите и причини за донесување на законот

За користење на услугите на Централниот регистар на РМ, правните и физичките лица плаќаат соодветен надоместок, утврден со Тарифата на Централниот регистар. Од обврската за плаќање на надоместок, согласно Законот за Централен регистар, ослободени се корисниците на буџетски средства од законодавната, судската и извршната власт, како и единиците на локалната самоуправа.

Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за непречено извршување на работите од доменот на својата дејност има потреба од добивање на податоци од Централниот регистар на РМ по повеќе основи. За таа цел на годишно ниво Фондот издвојува средства во износ од околу 3.000.000,00 денари.

Со цел да се намалат трошоците во работењето на Фондот, со дополнувањето на Законот за Централен регистар, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се ослободува од обврската за плаќање на надоместок за услугите на Централниот регистар.

## II. Цели, начела и основни решенија на предлогот на закон

Основна цел на овој закон е да се намалат тошоците на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за користење на услугите од Централниот регистар на РМ кои се неопходни за извршување на законските надлежностите на Фондот.

Законот чие донесување се предлага се заснова врз истите начела врз кои се заснова основниот Закон.

Со измената на Законот се додава Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија се ослободува од плаќање на надоместок за услугите на Централниот регистар на РМ.

## III.Оцена на финансиските последици од предлогот на закон врз Буџетот и другите јавни финансиски средства

Донесувањето на Предлогот на закон за дополнување на Законот за Централен регистар ќе нема влијание врз Буџетот на Република Македонија.

## IV.Процена на финансиските средства потребни за спроведување на законот и начинот на нивното обезбедување, како и податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти

За спроведувањето на предложените измени и дополнувања не се потребни дополнителни средства од Буџетот на Република Македонија.

V. Усогласеност на предлогот на закон со правото на Европската унија

/

VI. Потреба од донесување на подзаконски акти врз основа на овој закон

/

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

Член 1

Во Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/01, 49/03, 109/05, 88/08 и 35/2011) во членот 18-а во ставот 2 по зборот „власт“ се става запирка и се додаваат зборовите: „Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. Објаснување на содржината на одредбите на предлогот на законот

Со членот 1 се овозможува Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да ги користи услугите на Централниот регистар на Република Македонија без плаќање на надоместок.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

II. Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби

Предложените одредби се во меѓусебна поврзаност со одредбите од основниот закон.

III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија

Овозможувањето Фондот за ПИОМ да ги користи услугите на Централен регистар без плаќање на надоместок ќе придонесе за намалување на трошоците на Фондот во износ од 3.000.000,00 денари годишно.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Надоместоци на Централниот регистар
Член 18-а

За извршените услуги од делокругот на својата работа, кој е утврден со овој или друг закон, а кои се однесуваат на упис, внесување, обработување, обединување, класифицирање, селектирање, складирање, чување и користење на податоците во Централниот регистар на Република Македонија, како и дистрибуирање на податоците до заинтересираните корисници, Централниот регистар на Република Македонија наплаќа соодветен надоместок кој се утврдува со Тарифа на Централниот регистар, која ја донесува Управниот одбор на Централниот регистар, а на која согласност дава Владата на Република Македонија.

Надоместокот од ставот 1 на овој член не се наплаќа од корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија од областа на законодавната, извршната и судската власт и од единиците на локалната самоуправа.

Доколку соодветниот надоместок не е платен, ќе биде определен рок, но не подолг од три дена, во кој подносителот е должен да го плати надоместокот.

Ако надоместокот се плати во предвидениот рок, ќе се смета дека поднесокот е примен првиот пат.

Доколку надоместокот не биде платен во предвидениот рок, поднесокот со заклучок ќе се отфрли и ќе се смета дека не бил ни поднесен.